( Образец ПП……)

До: Општина Битола, Градоначалник / Секретар, Лица задолжени за информации од јавен карактер

(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организационе единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |


1404

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Прашањето е на страна 2 →

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организационе единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 137 | | |


Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во ________, 25.12.2024 година . [redacted]

(до[redacted] поднесува во хартиена форма)

1. Колку спонзорства и донации има за Новата 2025 година - Зимска Приказна?

2. Вкупно број на средства, доколку има спонзорства и донации?, и на која сметка се уплатени дофрлани?

3. За што се наменети средствата кои се дофрлени од донаторите и спонзорите на Зимска приказна 2025 година?

*Напомена сите прашања се наменети за Новата 2025 година - Зимска Приказна!

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Раководител на Одделение
за Економски развој

Бр.11-137/2
27.12.2024

-Програма за туризам

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-137/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
27.12.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 137/3 | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

До
Евгенија Чукалева
Лице за пристап до информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted]

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted] согласно добиените податоци од Комисијата за селекција и евалуација на понудите и изработка на програма по Јавен повик за учество во организација и реализација на културни и туристичко промотивни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во Општина Битола по повод дочекот на Новата 2025 година - Зимска приказна, Ве известуваме дека:

- Општина Битола нема примени донации и спонзорства за реализација на програмата на „Зимска приказна", освен донацијата од советникот Иван Чулакоски, за која треба да биде склучен договор со општината.
- Вкупниот износ на програмата за „Зимска приказна", изнесува 6,185,467.00 денари, од кои 3.997.982 денари, се финансирани преку Програмата за туризам на Општина Битола, а врз основа на Договор за институционална соработка, согласно изготвен записник, 2.187.485 денари се финансирани од страна на КИЦ Битола.
- Согласно склучените договори, изготвени се 10 договори за спонзорство помеѓу КИЦ Битола и 10 спонзори, а средствата во износ од 2.299.500,00 денари се префрлени на сметката на КИЦ Битола. Средствата префрлени од спонзорите се искористени за финансирање на програмските содржини од „Зимска приказна".
- Согласно склучен меморандум за соработка на ЈППЈЛП, префрлени се средства во износ од 300.000,00 денари на сметката на ЈППЈЛП, кои се искористени за трошоците на претпријатието поврзани со реализација на активности на претпријатието во реализација на „Зимска приказна".

Дополнително, детални податоци во врска со реализацијата на Програмата на „Зимска приказна" се објавени на веб страната на Општина Битола.

Со почит,

Изготвил:

Раководител на одделение за економски развој
Венцо Шишкин

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-137/4
08.01.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **26.12.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-137** од **26.12.2024 година**, каде бара информација за финансиски средства, спонзорства и донации за Зимската приказна за 2025та година. (детален опис во образложението)

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-137 на ден 26.12.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за:

- Колку спонзорства и донации има за Новата 2025та година – Зимска Приказна?
- Вкупно број на средства, доколку има спонзорства и донации? И на која сметка се истите префрлени?
- За што се наменети средствата кои се префрлени од донаторите и спонзорите на Зимска приказна 2025 година?

.Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-137/1 од 26.12.2024
2.Допис до Раководител на одделение за економски развој со бр.11-137/2 од 27.12.2024
3.Одговор од Раководител на одделение за економски развој со бр.11-137/3 од 08.01.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 08.01.2025 година, под бр. 11-137/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

____________________

**Емилија Илиевска**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА